Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенамонското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 05 - 704/1
15. 12. 2025 год.
СКОПЈЕ

forvis mazars
Друштво за ревизија
ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО
Бр. 03-142/2 / 15.12. 2025 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р
за јавна набавка на услуги од ревизорска куќа

**Склучен помеѓу:**

1. **Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје,** со регистрирано седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 23 А, 1000 Скопје, Република С. Македонија, застапувано од директорот Ангеле Сотировски, во натамошниот текст: **договорен орган,** и
2. **Друштво за ревизија ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Даме Груев бр. 7, Скопје, ЕМБГ 7521758, застапувано од Јане Иванов, во натамошниот текст: **носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на услуга од реномирана ревизорска куќа за вршење на ревизија на финансиските извештаи за 2025 година која завршува на 31 декември 2025 година, согласно тендерската документација и прифатената понуда од страна на договорниот орган по спроведената постапка за јавна набавка од мала вредност со објавување на оглас преку ЕСЈН број 22023/2025 од 02.12.2025 г. Предмет на договорот е заемна деловна соработка меѓу двете договорни страни, врз основа на Набавка од мала вредност, подетално извршување на јавна набавка за услуга за ревизија на финансиски извештаи за 2025 и консолидирани финансиски извештаи, а согласно со потребите на договорниот орган.

- Ревизија на финансиски извештаи на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, за состојбата за годината што завршува на 31 декември 2025, изготвени во согласност со законската регулатива на Република С. Македонија (Закон за трговски друштва, Сл.Весник на РМ бр. 28/2004.... 120/2018) и Меѓународните стандарди за финансиско известување во примена во Република С. Македонија).

Врз основа на резултатите добиени од извршената ревизија Економскиот оператор ќе издаде:

-Извештај на Независните ревизори од извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје "ЈАСЕН"- Скопје, со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година на македонски јазик;

-Извештај на Независните ревизори од извршената ревизија на Консолидиран финансиски извештаи со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година на македонски јазик;

Ревизорот ќе ја изврши ревизијата со цел изразување на независно ревизорско мислење за финансиските извештаи на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје "ЈАСЕН"- Скопје, во форма на Извештај на независните Ревизори (Ревизорски извештај).

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката од овој договор изнесува 179.000,00 денари, со зборови стоседумдесетидевет илјади денари, без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност пресметан на вкупната вредност на набавката изнесува 32.220,00 денари.

Вкупната вредност на набавката со вклучен данок на додадена вредност изнесува 211.220,00 денари.

## III. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 3**

Носителот на набавката е должен да започне со ревизијата по склучување на договорот и потпишување на истиот од двете договорни страни.

Носителот на набавката е должен да го изготви и достави конечниот ревизорски извештај, најдоцна до 30 април 2026 година.

## IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Договорниот орган плаќањето ќе го изврши вирмански во рок од 30 (триесет) дена од денот на доставување на фактурата, а по издавање на конечниот извештај.

**V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја изврши услугата навремено и квалитетно согласно со прифатената понуда и пропишаните стандарди за ваков вид на услуга.

Работната документација подготвена во текот на ревизорскиот ангажман е сопственост на носителот на набавката и претставува доверлива информација со право на сопственост, која ќе биде задржана од страна на носителот на набавката во согласност со политиката и процедурите на носителот на набавката.

Носителот на набавката презема одговорност да не ги обелоденува специфичните информации за ЈПУЗПП "ЈАСЕН" на трети страни кои се сметаат како доверливи информации, освен доколку таквото обелоденување е одобрено од претпријатието.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметната услуга која е дефинирана во член 3 од овој договор.

**VI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

**Член 6**

Договорниот орган се обврзува да му ја даде на располагање на носителот на набавката сметководствената евиденција, како и друга документација со која располага вклучувајќи ја комуникацијата и сите други информации и објаснувања кои се потребни на носителот на набавката за ревизија.

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува дека ќе го изврши плаќањето за извршената услуга во рокот утврден во член 4 од овој договор.

**VII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 8**

Договорот е со важност од една година од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**VIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 9**

Кога економскиот оператор нема да ја исполни својата обврска, договорниот орган може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Договорниот орган кој поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должен е тоа писмено да му го соопшти на економскиот оператор без одложување по писмен пат.

Доколку Договорот се раскине по вина на носителот на набавката, може да се склучи Договор за јавна набавка со второрангираниот економски оператор, а економскиот оператор од овој договор е должен да ја плати разликата во цената.

**IX. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ**

**Член 10**

За секој ден доцнење во извршувањето на услугите од страна на носителот на набавката, носителот на набавката се обврзува на договорниот орган да му плати казна во висина од 0,5% од вредноста на поединечната набавка.

Обврската за исплата на казната од став 1 на овој член носителот на набавката е должен да ја вкалкулира, т.е. одбие од вкупната вредност на поединечната набавка за која имал доцнење.

Вкупната договорна казна не може да надмине 5% од вкупната вредност на договорот.

Доколку договорниот орган не го изврши плаќањето во договорениот рок, носителот на набавката има право да засмета и наплати камата согласно Законот за висината на стапката на затезна камата, сметано за целиот период на доцнење.

**X. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на последиците од вишата сила договорот може да се реализира, доколку неговата реализација не е завршена пред настапувањето на вишата сила.

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 13**

Сите спорови кои ќе настанат во реализација на овој договор, договорните страни ќе се обидат да ги решат по мирен пат, но во случај да тоа не е можно, надлежен е Основниот Суд во Скопје.

**Член 14**

Договорот стапува во сила од денот на потпишувањето од овластените застапници на договорните страни.

**Член 15**

Овој договор е склучен во 2 (два) еднобразни примероци, од кои секоја страна задржува по 1 (еден) примерок.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
**ЈПУЗПП "ЈАСЕН"** - Скопје
Директор
Ангеле Сотировски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
**ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје**
Одговорно лице
Јане Иванов